Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 58 став 2 и 4 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник на Општина Велес за член
на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес

1.Со ова решение за претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес, се именува:

- _____.

2. Членот на управниот одбор се именува за период од четири години, со право на уште еден избор.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

На ден 15.10.2026 година до Советот на Општина Велес, од страна на директорот на ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес доставено е Известување со бр.09-4376/2 дека од страна на членот на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес е доставено Барање за разрешување на Добривое Пауновски, член на Управниот одбор.

Воедно, на ден 15.10.2026 година од страна на именуваниот член е доставено Барање за разрешување на член од управен одбор со бр.09-4376 до Советот на Општина Велес.

Советот на Општина Велес, на 3-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес со бр.25-5330/76 од 14.11.2025 година со кое се именува: Добривое Пауновски.

Согласно член 58 став 2 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26): „Управниот одбор во јавните ученички домови е составен од седум члена, и тоа: двајца претставници од воспитувачите и стручните соработници, еден претставник од родителите, односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот и еден претставник од министерството“ и став 4 „Претставниците на основачот за државните ученички домови ги именува и разрешува Владата, а за општинските и домовите на градот Скопје, советот на општината, односно Советот на градот Скопје“.

Се со цел непречено функционирање на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес во целосен состав, потребно е да се именува нов член.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.